# „Помогни му на братот свој, без разлика дали е тој неправедник или неправедно третиран.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Помогни му на братот свој, без разлика дали е тој неправедник или неправедно третиран.“ Еден човек праша: „О, Аллахов Пратенику, ќе му помагам ако е неправедно третиран, но како да му помогнам ако е неправедник?“ Пратеникот одговори: „Ќе го спречиш во правењето неправда; тоа е помошта кон него.“
[صحيح] [رواه البخاري]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му наредил на муслиманот да му помогне на својот брат муслиман – без разлика дали тој е неправедник или неправедно третиран. Еден човек рекол: „О, Божји пратенику, му помагам кога е неправедно третиран – така што го отстранувам зулумот од него. А како да му помогнам ако тој е неправедникот?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: „Ќе го спречиш, ќе го задржиш и ќе го одвратиш од неправдата. Тоа е вистинска помош за него – против неговиот шејтан и против неговата душа што го поттикнува на зло.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee